# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 24 Мај 2005 година<br>Службен гласник број 10<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ**

1. Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -783/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.20 од Законот за комунални такси (Сл.весник бр. 61/04), а во врска со чл.26 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 20.05.2005 година, донесе:

ОДЛУКА
за утврдување на висината на комуналните такси

Член 1

Со оваа одлука се утврдува комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица што вршат дејност и од граѓаните.

Член 2

Висината на комуналните такси се утврдуваат во рамките утврдени со Тарифата за комунални такси како што следува:

ТАРИФА ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ

Тарифен број 1

За фирма односно назив на:
а) деловните простории на физички лица кои вршат дејност ...................................2.000 ден.
б)деловните простории на физичките лица кои вршатдејност, а данокот го плаќаат во паушален износ....................................500 ден.
в) деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавници, киосци, деловни единици исл. за кои таксата изнесува.2.000 д..... 6.000 ден.
-деловни простории на правни лица од комуналните дејности....................... 3.000 ден.
деловни простории на трговските друштва и другите правнилица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено 3.000 д

Тарифен број 2

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно...........30 ден.

Наплатата на таксата ја вршат угостителските, туристичките и други правни лица, другите даватели на угостителски и туристички услуги, физичките лица кои вршат угостителска и туристичка дејност.

Давателите на услуги, наплатената такса ја уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 3

За користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност од м2

- екстра зона 15 ден
- прва 12 ден
- втора зона 8 ден
- трета зона 5 ден

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање на одобрение за вршење на дејност и ја уплатува на соодветната сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 4

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса и тоа:

- до седум дена 600 ден
- до 30 дена 1.000 ден
- до една година 1.600 ден

Тарифен број 5

За користење на музика во јавни локали
- годишно 5.000 ден

Тарифен број 6

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно и тоа:
- за физички лица кои вршат дејност 1.000 д.
- за правни лица од областа на производството, прометот и услугите .......................2.000 д

Тарифен број 7

За користењето на плоштадите и друг простор во градовите и други населени места со цел за изложување на предмети,
приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м2 дневно........... 7 ден

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за издавање одобрение за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 8

За користење на просторот за паркирање на моторни возила:
паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта-дневно 25 ден
по саат 15 ден
паркирање на товарни моторни возила и автобуси дневно 100 ден
паркирање на приколки - дневно 50 ден

Наплатата на таксата ја врши правното лице на кое му е доверено организирањето и одржувањето на паркинг-плацот и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

Тарифен број 9

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

- за патнички возила до 1000 кубика 50 ден
- за патн. воз. од 1000 до 1300 кубика 80 ден
- за патн. воз. од 1300 до 1500 куб. 100 ден
- за патн. воз. од 1500 до 1800 куб. 300 ден
-за патн. возила над 1800 кубика 450 ден
-за товарни возила по тон носивост 1.00 ден
-за автобуси и други возила што служат за превоз на патници 600 ден
- за специјални возила 50 ден
- за сите видови мотоцикли 50 ден.

Наплатата на таксата ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Тарифен број 10

За користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 15 КВч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броило ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината.

Член 3

На обврзникот на комуналната такса, Градоначалникот на Општината му издава Решение за висината на комуналната такса.

Член 4

Наплатата на комуналните такси се врши без издавање на Решенија за:

- користење на просторот пред деловни простории за вршење дејност
- користење на просторот за паркирање на моторни возила и нивните приколки, моторцикли, мотори и велосипеди
- истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места
- користење и одржување на јавно осветлување
- користење на површини во кампови, за подигање на шатори и
друга слична привремена употреба

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 752/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Совет на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48

став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

1. Предлогот за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 3 од законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.4/96,28/97,18/99, 53/01, 45/02), член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови ("Службен весник на РМ" бр. 2/02) и член 22, 36 и 95 од законот за Локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 20. 05. 2005 година донесе:

**Предлог за дополнување на**

**ПРОГРАМАТА**
**за**
**ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2005 ГОДИНА**

**А. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА , ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИ

1. - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **15** Урбан блок 15/1 ; урбан модул 5. со граници од ул."Борка Талески", "Благоја Стојкоски", "Борка Медарот" и ул." Пенка Котеска".

2. ГУП за стопански комплекс на к.п. бр. 1167, 1184и 1185 во м.в. Чука со површина од 3,6775 Ха во К.О. Мажучиште.

3. Исправка во Програмата за донесување на урбанистички планови за 2005год бр. 07- во глава **Б. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, ТОЧКА 2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДУП,** наместо - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **19**; Урбан блок19/2 - 33.39Ха., треба да стои : - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **19**; Урбан блок19/3 - 33.39Ха.

Број 07 - 752/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
23.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЗЕМАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ОД ОПШТИНА ТОПОЛЧАНИ И ОД ОПШТИНА ВИТОЛИШТЕ**

1. Одлуката за превземање на вработените во општинската администрација од Општина Тополчани и од Општина Витолиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -783/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 19 став 2 и член 21 став 2 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за превземање на вработените од општинската администрација на Општина Тополчани и Општина Витолиште

Член 1
Со оваа Одлука Општина Прилеп ги превзема вработените од општинската администрација на Општина Тополчани и Општина Витолиште, кои засновале работен однос до денот на влегувањето во сила на Законот за територијална организација на Локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/200), односно до 17.08.2004 година.

Член 2

Вработените се превземаат со статус, права и обврски кои ги стекнале до денот на превземањето од страна на Општина Прилеп.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА СМЕТКАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ТОПОЛЧАНИ**

1. Одлуката за гасење на сметката на Буџетот на Општина Тополчани, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на членовите 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите("Службен весник на РМ" 96/2004) член 23 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за гасење на сметката - Буџет на Општина Тополчани

Член 1

Со оваа Одлука се гаси сметката - Буџет на Општина Тополчани со број 300020000212756 - депонент на Комерцијална банка.

Гасењето на сметката се врши со денот на конституирањето на Советот на Општина Прилеп, односно 06.04.2005 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА СМЕТКАТА ОРГАНИ НА ОПШТИНА ТОПОЛЧАНИ**

1. Одлуката за гасење на сметката на Органи на Општина Тополчани, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на членовите 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите("Службен весник на РМ" 96/2004) член 23 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за гасење на сметката на Органи на Општина Тополчани

Член 1

Со оваа Одлука се гаси сметката на Органи на Општина Тополчани со број 300020000213047 - депонент на Комерцијална банка.

Гасењето на сметката се врши со денот на конституирањето на Советот на Општина Прилеп, односно 06.04.2005 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА СМЕТКАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВИТОЛИШТЕ**

1. Одлуката за гасење на сметката на Буџетот на Општина Витолиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.5.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на членовите 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите("Службен весник на РМ" 96/2004) член 23 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за гасење на сметката на Буџетот на Општина Витолиште

Член 1

Со оваа Одлука се гаси сметката на Буџетот на Општина Витолиште со број 300020000212465 - депонент на Комерцијална банка.

Гасењето на сметката се врши со денот на конституирањето на Советот на Општина Прилеп, односно 06.04.2005 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ГАСЕЊЕ НА СМЕТКАТА ОРГАНИ НА ОПШТИНА ВИТОЛИШТЕ**

1. Одлуката за гасење на сметката Органи на Општина Витолиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на членовите 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите("Службен весник на РМ" 96/2004) член 23 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за гасење на сметката на Органи на Општина Витолиште

Член 1

Со оваа Одлука се гаси сметката на Органи на Општина Витолиште со број 300020000212174 - депонент на Комерцијална банка.

Гасењето на сметката се врши со денот на конституирањето на Советот на Општина Прилеп, односно 06.04.2005 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА - САЛДО ОД СМЕТКИТЕ НА ОПШТИНИТЕ КОИ ПРЕСТАНУВААТ СО РАБОТА И СЕ УКИНУВААТ, НА СМЕТКАТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за пренесување на парични средства - салдо од сметките на општините кои престануваат со работа и се укинуваат, на сметката на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на членовите 2, 3, 4 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите("Службен весник на РМ" 96/2004) член 23 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во РМ ("Службен весник на РМ" 55/2004), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за пренесување парични средства

Член 1

Со оваа Одлука се пренесуваат паричните средства - салдо од сметките на на Општините кои престануваат со работа и се укинуваат, на сметката на Општина Прилеп.

Член 2

Сметката Буџет на Општина Тополчани со број 300020000212756 при Комерцијална Банка се пренесуваат на сметката Буџет на Општина Прилеп број 300020000208779 при Комерцијална банка.

Сметката на Буџет на Општина Витолиште број 300020000212465 при Комерцијална Банка се пренесуваат на сметката Буџет на Општина Прилеп број 300020000208779 при Комерцијална банка.

Член 3

Сметката Органи на Општина Тополчани со број 300020000213047 при Комерцијална Банка се пренесуваат на сметката Буџет на Општина Прилеп број 300020000208779 при Комерцијална банка.

Сметката на Органи на Општина Витолиште број 300020000212174 при Комерцијална Банка се пренесуваат на сметката Буџет на Општина Прилеп број 300020000208779 при Комерцијална банка.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПОТПИСНИК НА СМЕТКИТЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за овластување на потписник на сметките на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.05.2005 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 12 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" 19/2004) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за овластување на потписник

Член 1

Со оваа Одлука се овластува потписник на сметката Буџет на Општина Прилеп и сметката Органи на Локална самоуправа - Прилеп.

За потписник на сметките се овластува Марјан Ристески, Градоначалник на Општина Прилеп.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2005 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА ТЕНДЕР**

1. Одлуката за распишување на тендер, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 783/10
24.05.2005 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 12 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" 19/2004) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.05.2005 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за јавна набавка - тендер

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потребата од јавна набавка - тендер за ревизија на материјало-финансиското работење и јавните набавки на општините: Прилеп, Тополчани и Витолиште за периодот: септември 2000 - април 2005 година.

Орган за спроведување на јавната набавка е Комисијата за јавни набавки, која ќе го спроведе тендерот согласно Законот за јавни набавки.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 752/11
20.05.2005 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Оливер Деркоски

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 1 - Урбан блок 1/3 урбан модул 1 во Прилеп со граници : крак од ул. "Нил Амстронг", ул. "Мукос" и ул. "Козјак".

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 1 - Урбан блок 1/3 урбан модул 1 во град Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план за УАЕ 1 - Урбан блок 1/3 урбан модул 1 во Прилеп ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 744/1
19.05.2005
Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Градоначалник
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 15 - Урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп со граници : ул. "Битолска", ул. "Лазо Филипоски", ул. "Кире Гаврилоски" и ул. "Цане Коњарец".

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 15 - Урбан блок 15/1 урбан модул 4 во град Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план за УАЕ 15 - Урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтерсираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 745/1
19.05.2005
Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Градоначалник
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 7 - Урбан блок 7 урбан модул 1 во Прилеп со граници : ул. "Кузман Јосифоски", ул. "Оцка Михајлоски", ул. "Круме Јаскоски" и ул. "Ленин".

Член 1

Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ 7 - Урбан блок 7 урбан модул 1 во град Прилеп.

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе трае 15 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Деталниот урбанистички план за УАЕ 7 - Урбан блок 7 урбан модул 1 во Прилеп ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтерсираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 746/1
19.05.2005
Прилеп

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Градоначалник
Марјан Ристески

## С О Д Р Ж И Н А

**на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10 од 24.05.2005 година**

1. Одлука за утврдување на висината на комуналните такси.......................**Стр.бр.1**
2.Предлогот за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнување на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2005 год.**Стр бр.3**
3. Одлука за превземање на вработените во општинската администрација од Општина Тополчани и од Општина Витолиште. ........................................................**Стр.бр.3**
4. Одлука за гасење на сметката на Буџетот на Општина Тополчани........**Стр.бр.4**
5. Одлука за гасење на сметката на Органи на Општина Тополчани...........**Стр.бр.4**
6. Одлука за гасење на сметката на Буџетот на Општина Витолиште........**Стр.бр.5**.
7. Одлука за гасење на сметката на Органи на Општина Витолиште...........**Стр.бр.5**
8. Одлука за пренесување на парични средства - салдо од сметките на општините кои престануваат со работа и се укинуваат, на сметката на Општина Прилеп.......**Стр.бр.6**
9. Одлука за овластување на потписник на сметките на Општина Прилеп **Стр.бр.6**
10. Одлука за распишување на тендер. ........................................................**Стр.бр.7**

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1.Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за УАЕ 1 - Урбан блок 1/3 урбан модул 1 во Прилеп со граници: крак од ул."Нил Амстронг", ул."Мукос" и ул."Козјак"....................................................................... **Стр. бр.7**
2. Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за УАЕ 15 - Урбан блок 15/1 урбан модул 4 во Прилеп со граници:ул"Битолска" ул."Лазо Филиповски", ул."Кире Гаврилоски" и ул."Цане Коњарец"........... ........ **Стр.бр 8**
3.Одлука за организирање на Јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план за УАЕ 7 - Урбан блок 7 урбан модул 1 во Прилеп со граници: ул."Кузман Јосифоски", ул."Оцка Михајлоски" ул."Круме Јаскоски" и ул. "Ленин"..................................... **Стр. бр.8**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци.